**20182294228**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 42 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2018 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 196/17 и 207/18) и член 150-г став (1) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16 и 37/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 11.12.2018 година, донесе

**ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЕДУКАЦИЈА НА ЛЕКАРИ И МЕДИЦИНСКИ ПЕРСОНАЛ И ЗА КОФИНАНСИРАЊЕ НА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА, ОДНОСНО СУПСПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ РАБОТНИЦИ И ЗДРАВСТВЕНИТЕ СОРАБОТНИЦИ ВРАБОТЕНИ ВО ПРИВАТНИ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ, ДРУГИ ПРАВНИ ЛИЦА И НЕВРАБОТЕНИ ЗА 2018 ГОДИНА**

1. Во Програмата за едукација на лекари и медицински персонал и за кофинансирање на специјализација, односно супспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници вработени во приватни здравствени установи, други правни лица и невработени за 2018 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/18, 48/18 и 202/18), во делот „2. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА“, во ставот 3, износот „38.500.000,00“ се заменува со износот „31.700.000,00“, износот „19.100.000,00“ се заменува со износот „14.600.000,00“, а износот „19.400.000,00“ се заменува со износот „17.100.000,00“ .

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 44-10587/1
11 декември 2018 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.